Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 21-1535/1
05.04.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 22-1535/1
05.04. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2024 - 2026 ГОДИНА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**март 2024 година**

Фокусот на Министерството за информатичко општество и администрација во Нацрт стратешкиот план на за 2024 – 2026 година е задржан на дигитализација, развој на информатичкото општество и реформата во администрацијата.

Со интензивна дигитализација, реорганизација, оптимизација и воведување дополнителни форми за ефикасно работење на администрацијата сакаме да создадеме професионална јавна администрација (деполитизирана, ефикасна, ефективна и отчетна) за да даде квалитетни и лесно достапни услуги за граѓаните и бизнис заедницата. Создавање на оптимална структура и иновативни процеси и техники, дигитална средина за подобро работење и подобрена електронска комуникација во рамките на администрацијата, воспоставување на унифициран ДМС систем во органите на државната управа, локалната самоуправа и останатите институции од јавниот сектор се примарните цели на министерството и нашата најголема заложба во служба на граѓаните.

Тргнавме чекор напред кон европските модели на управување на модерна и современа институција и обезбедивме толкувач на знаковен јазик за потребите на заедницата на глуви наглуви лица.

Во периодот кој ни престои Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжиме да работиме и ги исполнуваме нашите основни цели и задачи како институција кои ни се обврска кон граѓаните.

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Naim Bajrami**

***Скопје,***
***Март 2024 година***

## Вовед

Министерството за информатичко општество и администрација е орган на државна управа, кој со својата надлежност ги креира политиките за дигитализација, развој и промоција на информатичкото општество и реформите во администрацијата. Основните правни акти со кои е регулирано работењето/функционирањето на Министерството за информатичко општество и администрација се Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20).

Стратешкиот план на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) за периодот од 2024-2026 година изработен е врз основа на стратешките документи на Република Северна Македонија и тоа: Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија од 2020-2024 година; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 103/23); Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 223/19), Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.22/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 22/19 и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18), Националната програма за усвојување на правото на (НПАА) ЕУ 2021-2025 година; Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година; Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/22) и Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите. Дополнително во фаза на подготовка се и Национална Стратегија за ИКТ 2023-2027 година и Национална стратегија за сајбер безбедност 2023-2026 година кои ќе имаат големо значење и место во подготвувањето на стратешките планови во иднина.

Стратешкиот план се состои од шест делови. Во првиот дел е разработена анализата на состојбата, утврдени се визијата и мисијата на Министерството, задачите и обврските, неговата специфичност и структура и приоритетни цели на органот. Во вториот дел на Стратешкиот план целосно е разработен планот за спроведување на двете стратешки програми и потпрограми. Овој дел дава детален осврт на поврзаноста со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година и приоритетите и целите на министерството за 2024 година. Во останатите делови на од овој нацрт стратешки план се опфатени влијанијата врз човечките ресурси, принципите на правична застапеност, родовата еднаквост на мажите и жените и заедничките функции за развивање на политики, стратешко планирање и подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства, управување со човечки ресурси, управување со информациски технологии и внатрешна ревизија.

# 1. Анализа на состојбата на Министерството за информатичко општество и администрација

## 1.1 *Анализа на ресурсите*

*Финансиски ресурси*

Министерството за информатичко општество и администрација се финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија (https://ecirkular.finance.gov.mk-) Буџетски програми 2-Информатичко општество, К-Реформа на јавна администрација и Н-Развој и имплементација на ИКТ, но дел од планираните активности се финансираат и од средства обезбедени од донатори (ИПА фондови, билатерална и меѓународна финансиска и експертска поддршка).

## 1.2 *Функционална анализа*

Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2023 година започна со изработка на функционална анализа.

## 1.3 *PESTLE анализа на ниво на Министерството за информатичко општество и администрација*

PESTLE анализата е кратенка од Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental, односно анализа на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори. Со овој метод се овозможува следење на влијанието на екстерните фактори врз работењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

| **ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ** | **ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ** | **СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ** | **ТЕХНОЛОШКИ ФАКТОРИ** | **ПРАВНИ ФАКТОРИ** | **ЕКОЛОШКИ ФАКТОРИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| - Стратешки приоритети и приоритетни цели на министерството | - Финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија | - Влијание врз граѓаните, како корисници на услугите | - Унапредување на информатичкото општество и развој на технологиите | - Закони во надлежност на министерството и подзаконските акти кои произлегуваат од нив,<br>- НПАА, Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија | - Примена на стандардите кои се однесуваат на животната средина |

*Табела1: PSTEL анализа на Министерството за информатичко општество и администрација*

## 1.4 *SWOT анализа на ниво на Министерството за информатичко општество и администрација*

SWOT анализа претставува моќна алатка која му овозможува на Министерството да ја процени и согледа внатрешната состојба во која работи за да делува во својата надлежност, надворешните фактори и влијанијата кои директно делуваат врз неа и кон кои треба да се прилагоди. SWOT е кратенка од Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats и како метод се користи да се увидат силните и слабите страни на институцијата, можностите кои ѝ се на дофат како и заканите со кои може да се соочи.

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Тимска работа<br>• Добра комуникација и соработка помеѓу организационите единици<br>• Самоиницијативност во Академијата за стручно усовршување на административни службеници<br>• Навремено, ефикасно и ефективно извршување на работните задачи<br>• Јасно поставени цели во Одделението за човечки ресурси<br>• Навремена техничка поддршка на сите организациони единици во министерството од Секторот за поддршка и развој на информатичко општество<br>• Менаџирање и координирање на дигиталните алатки што ги нуди министерството<br>• Добра соработка со институции од јавен и приватен сектор<br>• Воспоставена заедничка база на податоци и ресурси во Секторот за финансии<br>• Дефинирани и стандардизирани процедури за работа (ИСО стандарди) во Секторот за финансии<br>• Постојано следење на политиките на ЕУ и Советот на Европа од Одделението за аудиовизуелни политики<br>• Информирање на јавноста за активности на министерството што се придобивка и корист за граѓаните<br>• Редовно ажурирање на web страната на министерството со содржини поврзани со активностите во делот на односи со јавност | • Недоволен број на вработени во министерството (Недоволна екипираност)<br>• Слаба мотивираност кај вработените, големо незадоволство (ниски плати)<br>• Несоодветно канцелариско распоредување на вработените, несоодветни и недоволни технички услови (просторен капацитет)<br>• Нема организациона култура и клима<br>• Делумна организациска меморија<br>• Делумно добри меѓучовечки ресурси<br>• Слабо менаџирање на работите во институцијата<br>• Недоволно обучени вработени во министерството кои немаат можност за стручно и професионално усовршување |
| **Можности** | **Закани** |
| • Вработување на нови и професионално ориентирани кадри, преку јавни, интерни огласи или преземање од други институции<br>• Специјализирани обуки и менторство за вработените<br>• Да учиме од искуствата на другите земји за развој на информатичко општество (студиски посети, семинари или експерти) | • Одлив на стручен и професионален човечки капитал од министерството во приватен сектор. Платите се многу повисоки и попримамливи посебно за IT лицата но и за другите струки<br>• Со секое ново раководство се менува целиот процес на функционирање на институцијата, каде се воведуваат нови процеси, нови услуги, нови стратегии |

| | |
|---|---|
| • Користење на механизмите на RESPA за да се добие поддршка за работењето на секторот за PJA<br>• Имплементација на нови IT алатки за подобрување и олеснување на работењето<br>• Воспоставување соработка со стручни научно истражувачки високо образовни институции од земјата и во странство<br>• Зголемување на општествената свест за потребата за дигитализација на услугите и процесите<br>• Дигитализација за растерување на обврските на преоптеретувањето на колеги односно дигитализација на работните обврски<br>• Трендовите кои се практикуваат во ЕУ во делот на нормативно – правни работи<br>• Интензивирање на соработката со регионалните центри за обука за управување со јавни финансии (ЦЕФ)<br>• Формирање на Дигитална агенција<br>• Донесување на соодветна законска регулатива за сеопфатен систем за стручно усовршување на административни службеници во Законот за административни службеници во надлежност на Академијата<br>• Обезбедување на средства од донаторска заедница<br>• Креирање на систем за следење и професионалниот развој на вработените и механизам за зголемување на мотивацијата кај вработените (личен развој)<br>• Целосно задоволување на пропишаните процедури и ЕУ стандарди<br>• Користење на механизмите на RESPA за да се добие поддршка за работењето на секторот за PJA<br>• Поголемо учество на домашни и меѓународни настани и конференции<br>• Поголема вклученост за следење на регулативите на ЕУ за аудиовизуелната област и Советот на Европа со доследно спроведување на домашната легислатива<br>• Поголемо поттикнување на професионалните и етичките стандарди во медиумите | • Несоодветен, нецелосен и ненавремен проток на информации по хиерархиска вертикала во двете насоки<br>• Делумно регулирање на законската регулатива на сеопфатен систем за стручно усовршување<br>• Недоволен одзив на донатори<br>• Слаб одзив на експерти за воспоставување соработка преку Академијата за стручно усовршување<br>• Превземање на дел од надлежностите од други субјекти од Одделението за аудиовизуелни политики<br>• Сите погоре наведени слаби страни се ризикот кој министерството го превзема за одлив на човечкиот капитал од него бидејќи подолго време не ја менува внатрешната состојба и процеси а со тоа се приближуваме кон умирање на институцијата |

*Табела 2: SWOT анализа на Министерството за информатичко општество и администрација*

## 1.5 Оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2022 година

Постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2022 година се дадени во Извештајот за реализација на Годишниот план за работа на МИОА за 2023 година и истиот може да се најде на следниов линк:
https://mioa.gov.mk/content/Izvestaj%20za%20realizacija%20na%20GP%20za%202022%20godina1.pdf.

## 1.6 Визија

Стручна, ефикасна и отчетна администрација во служба на граѓаните и бизнис-заедницата во Република Северна Македонија, дигитална трансформација и понатамошен развој на информатичко општество.

## 1.7 Мисија

Носители сме на реформите во администрацијата, насочени кон лесно достапни, брзи и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата и побрз економски раст на Република Северна Македонија. Го водиме и креираме развојот на информатичкото општество во Република Северна Македонија.

## 1.8 Задачи и обврски на органот на државна управа

Задачите и обврските на Министерството за информатичко општество и администрација, кои се утврдени согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) се:

- ✓ развој и промоција на информатичкото општество;
- ✓ креирање и водење на регистар на информациони и комуникациски системи и информатичка опрема во рамките на органите на државната управа;
- ✓ интегрирана информатичка и комуникациска мрежа, бази на податоци, меѓусебно поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
- ✓ следење на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународните стандарди;
- ✓ телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;
- ✓ радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура;
- ✓ законско уредување на прашањата во врска со администрацијата;
- ✓ надзорот и обезбедувањето на единствената примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- ✓ развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- ✓ класификација и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници;
- ✓ водење на Регистар за државните и јавните службеници;
- ✓ подготвување на стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обука;
- ✓ развој и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечки ресурси;
- ✓ реформа во јавната администрација;
- ✓ остварување на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- ✓ државна управа;
- ✓ управна постапка;
- ✓ управен надзор и
- ✓ врши и други работи утврдени со закон.

Со донесувањето на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација доби дополнителни задачи и обврски, и тоа да:

- ✓ креира политики и стратегии од областа на управување со човечките ресурси во јавниот сектор;
- ✓ подготвува закони и прописи од областа на човечките ресурси и ја следи на нивната примена;
- ✓ дава предлози за подобрување и следење на усогласените посебните закони и прописи во делот на управување со човечки ресурси со законите и прописите од негова надлежност;
- ✓ ја пропишува содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на административните службеници во институциите;
- ✓ дава согласност на актите за систематизација на работните места во институциите, во делот на усогласување на описот на работните места на административните службеници со Законот за административни службеници и со Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ дава мислења за примената на Методологијата за планирање на вработувања во јавниот сектор;
- ✓ ја пропишува Рамката за општи компетенции на административните службеници;
- ✓ го пропишува Кодексот за административни службеници;
- ✓ го води Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ ја води листата за трансфер (возможни идни преземања) на државните и јавните службеници;
- ✓ го води Регистарот за оценување на административни службеници;
- ✓ ја води евиденцијата на ментори на државните и јавните службеници;
- ✓ подготвува и донесува годишна програма за генерички обуки на административните службеници;
- ✓ ја подготвува и донесува годишната програма за обука и испитот за административно управување;
- ✓ организира, координира и спроведува обуки за административните службеници;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за успешно реализираните обуки;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за положен испит за административно управување;
- ✓ формира организациона единица за стручно усовршување на административните службеници, односно Академија за стручно усовршување на административните службеници;
- ✓ соработува со стручни, високообразовни и научноистражувачки институции од земјата и странство и ангажира експерти од соодветните области;
- ✓ организира, координира и спроведува генерички и специјализирани обуки за стручно усовршување за вработените во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници со наплаќање надоместок;
- ✓ организира, координира и спроведува специјализирани обуки за административно управување со наплаќање надоместок.

Со Законот за централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 275/19), Министерството за информатичко општество и администрација доби дополнителни задачи и обврски:

- ✓ одржување на системот за Централен регистар на население;
- ✓ одржување на регистарот на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население;
- ✓ давање услуги за граѓаните за проверка на содржани лични податоци во Централниот регистар на население и преглед на логови за спроведен пристап до лични податоци од страна на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население.

## 1.9 Специфичност на органот на државна управа

Министерството за информатичко општество и администрација е специфично по тоа што ги спроведува реформите на јавната администрација, ги креира политиките за развој на информатичкото општество и дигитализацијата.

## 1.10 Структура на органот на државна управа

Органограмот е изработен во согласност со Правилникот за внатрешна организација на Министерство за информатичко општество и администрација (стр. 9).



## 1.11 Односи со органите во состав (планирани промени)

Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), предвидено е дека Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, без својство на правно лице. Но со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/2019 година), предвидено е дека инспекторатите се органи во состав на министерствата со својство на правно лице и имаат сопствена буџетска сметка како буџетски корисници од прва линија, самостојно спроведуваат постапки за вработување во согласност со закон и одлучуваат за правата и обврските од работен однос.

МАРнет е јавна установа која врши дејност од јавен интерес. Основана е со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2010, 47/2011, 41/2014 и 11/2018). Мисијата на МАРнет е обезбедување услуги на национално ниво и меѓународно поврзување на Македонската академска истражувачка и образовна заедница и поддршка на нивните истражувачки и образовни активности; промовирање и дисеминирање на употребата на информациските и комуникациските технологии, посебно во академскиот и истражувачкиот сектор; одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење политика и развој на националната академска мрежа.

## 1.12 Приоритети и цели на Министерството за информатичко општество и администрација за периодот 2024 - 2026 година

За реализација на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2028 година Министерството за информатичко општество и администрација ги утврди следниве приоритети и цели:

1. **Приоритет бр.1: Стручна, професионална и департизирана администрација**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Деполитизација на јавната администрација
   - Професионализација на јавната администрација
   - Обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација
   - Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавниот сектор.

2. **Приоритет бр. 2: Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Зајакнат интегритет на институциите
   - Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво
   - Создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор

3. **Приоритет бр. 3: Дигитализирана јавна администрација**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Дигитална средина за подобро работење на администрацијата
   - Зголемен квалитет и достапност на услугите

4. **Приоритет бр. 4: Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура)**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции,
   - развој на Владина ИКТ инфраструктура,

- развој на Национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура,
- развој на овозможувачи на дигиталната трансформација.

5. **Приоритет бр.5: Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност**

Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Јаки национални капацитети за сајбер безбедност
- Безбедност и отпорност на суштински и важни субјекти, мрежи и информациски и комуникациски системи
- Општество отпорно на сајбер закани
- Минимизирање на влијанието на инцидентите во сајбер просторот
- Национална и меѓународна соработка.

6. **Приоритет бр.6: Изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги**

## 1.13 ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОВНАТА 2023 ГОДИНА

### 1.13.1 *Реформа на јавната администрација*

→ *Стратегија за реформа на јавната администрација*

Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2023 година го подготви петтиот Годишен извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за 2022 година (понатаму Годишен извештај). Годишниот извештај содржи детални информации за реализацијата на активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој го опфаќа периодот од јануари до декември 2022 година и активностите кои започнале да се спроведуваат во периодот на известување (јануари – декември 2022 година). Во согласност со воспоставената пракса, министерството упати јавен повик до граѓанските организации и засегнатите страни да достават податоци релевантни за подготовка на Годишниот извештај. Извештајот беше усвоен од страна на Секретаријатот за реформа на јавната администрација на седницата одржана на 29 јуни 2023 година и од Советот за реформа на јавната администрација на седницата одржана на 26.12.2023 година.

Паралелно, Министерството за информатичко општество и администрација продолжи со процесот на подготовка на нова Стратегија за РЈА (2023-2030) со Акциски План (2023-2026) која беше усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 11 јули 2023 година. Истата беше презентирана на 20.09.2023 година на настан организиран од Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со СИГМА. На настанот беше презентирана новата стратегија, процесот на изработка и механизмите за имплементирање и следење, како и клучните цели и приоритети до 2030 година по приоритетни области.

Со цел презентација и дискусија на стратешките приоритети на секторот реформа на јавна администрација и подобра координација на поддршката на донаторите и националните активности во овој сектор, на 05.07.2023 година министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Проектот за ,,Поддршка за реформи во политиките, пристапување и ефективност'' одржа пленарен состанок на секторската работна група за РЈА во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

→ *Софтверско решение за реформата на јавната администрација*

Системот за спроведувањето на Стратегијата за РЈА (2023-2030) вклучува близу 40 институции кои имаат посебни надлежности за одредени мерки и активности определени со Акцискиот План за РЈА, и кои во координација со Министерството за информатичко општество и администрација треба на редовна основа, со однапред дефинирана динамика, да известуваат за постигнатиот напредок пред Секретаријатот, Советот за РЈА, Владата на РМ, а секако и пред целата заинтересирана јавност во државата.

Со оглед на комплексноста на Акцискиот План, по прибирањето на податоците согласно дефинираната динамика (на секои 6 месеци), МИОА има обврска да направи анализа, сумирање на податоците, споредување со динамиката на Акцискиот план и нивно наративно и табеларно претставување во полугодишни и годишни извештаи за одобрување од страна на повисоките структури. За подобра транспарентност во целиот процес, воедно и за поедноставно и побрзо координирање, следење и известување потребна е ИТ алатка која би ги поврзала сите вклучени актери во еден организиран информациски систем и би бил значајна поддршка во спроведувањето на реформата на јавната администрација со Стратегијата за РЈА (2023 -2030).

Целта е преку воспоставување на единствен систем за следење на активностите од Стратегијата за реформа на јавната администрација да се овозможи навремено следење на сите активности и информирање за степенот на реализација. Преку алатката се предвидува да се споделуваат задачи со номинирани лица од институциите кои ќе треба да информираат за степенот на реализација на предвидените активности во Стратегијата. Оваа алатка ќе овозможи ажурираните извештаи на брз и едноставен начин да генерираат јавни извештаи на веб страната на МИОА.

За обезбедување на оваа ИТ алатка, министерството подготви апликација до РеСПА во рамките на механизмите за обезбедување поддршка на земјите-членки на РеСПА и во тек е пријавувањето на објавениот повик за избор на експерти за изградба на ИТ алатката и во тек е изработката на ИТ алатката од страна на избраниот експерт.

→ *Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)*

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) претставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. МИОА, како надлежно министерство за управување на процесот на регулаторна реформа, редовно ја информира ВРСМ за примената и спроведувањето на Методологијата за Проценка на влијание на регулативата . Владата на 163-та седница одржана на 27.06.2023 година го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) за периодот јануари-декември 2022 година.

Во делот на унапредување на квалитетот на процесот на ПВР, како продолжение на отпочнатите активности со СИГМА континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници во ресорните министерства и клучните институции на централната власт за планирање и спроведување на проценка на влијанието на регулативата, во периодот 09-10 мај 2023 година се спроведе дводневна работилница на тема „Подобрување на квалитетот на Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) во Северна Македонија" на која учество земаа претставници од координаторите и замениците координатори вклучени во процесот за ПВР, практичари кои редовно се занимаваат со подготовка на закони и извештаи за ПВР како и претставници од Генералниот секретаријат на Владата и Секретаријатот за европски прашања. Дополнително на барање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија СИГМА спроведе обука за вработените со цел запознавање и унапредување на знаењата за ПВР.

Министерството за информатичко општество и администрација тековно, по барање на министерствата, дава информации и насоки во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР.

→ *Единствен национален регистар на прописи (ЕНЕР)*

Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) постојано се развива и претставува централна точка за вклучување на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на во сите фази од процесот на планирање и креирање на политики. Министерството за информатичко општество и администрација како надлежна институција која управува со порталот во името на Владата редовно презема активности за континуирано унапредување и јакнење на капацитетите на државните службеници за непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

→ *Унапредување на законската рамка за администрацијата*

Продолжија активностите за финализирање на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за висока раководна служба. После добиените коментари на ЕНЕР, со поддршка на Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, во мај се организираше четиридневна работилница за финализирање на законите. На работилницата присуствуваа претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Канцеларија на Претседател на Влада на Република Северна Македонија, Министерство за политички систем и односи меѓу

заедниците, Секретаријат за законодавство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Агенција за администрација, Синдикатот на УПОЗ, претставник од опозиција, претставник од СИГМА и локален и меѓународен експерт ангажирани од СИГМА.

Министерството за информатичко општество и администрација, во септември на платформата ЕНЕР ги објави новите драфт верзии на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници. На 31 октомври се одржа јавна расправа на која присуствуваа претставници од министерства, други органи на државна управа, државни органи, единици на локална самоуправа, Синдикат на УПОЗ, опозиција, Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, Делегацијата на ЕУ во Скопје, граѓански организации, Народен правобранител, судски совет и други. Министерството за информатичко општество и администрација изработи финална верзија на овие законски решенија и истите ќе бидат доставени до Влада на утврдување во јануари 2023 година. На Двесте и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 6 декември 2023 година, Владата ги разгледа и утврди Предлог Законот за вработените во јавниот сектор и Предлог Законот за административни службеници, и истите на 22.12.2023 година се доставени во Собранието на Република Северна Македонија на донесување, по итна постапка како дел од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и усогласување со европските принципи, стандарди и препораки согласно Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 и 2022 година и Извештајот од мониторингот на СИГМА за 2021 година за Република Северна Македонија.

Во текот на ноември 2023 година, беше подготвен предлог на Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, кој на 13.11.2023 година беше поставен на ЕНЕР и немаше забелешки и коментари по истиот. Предлогот на Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници беше разгледан од Владата на Република Северна Македонија и на 22.12.2023 година е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со барање за негово донесување по итна постапка заради тоа што истиот е во функција на усогласување со принципите на Европскиот административен простор. Со овој предлог на Закон за прв пат во историјата на националната администрација, прашањето за стручно усовршување и обука се утврдува како системски организиран процес во неформалното образование и се институционализира со формирање на Агенција за обука на административни службеници.

→ *Програма на Меѓународната организација на франкофонијата „Национални франкофонски иницијативи за 2019 – 2022 година"*

Соработката со Меѓународната организација на франкофонијата во текот на 2023 година ја продолживме со активности што ги добивавме по нивни покани, при што, испратени се две покани за учество на тематски обуки на француски јазик до интерните координатори во институциите. Во функција на поддршка на активностите со Меѓународната организација на франкофонијата, во насока на јакнење и унапредување на професионалните капацитети во јавната администрација, Министерството за информатичко општество и администрација во рамките на своите овластувања, иницираше реактивирање на билатералната соработка со Република Франција, преку Француската Амбасада во Скопје. Иницијативата произлезе од страна на Министерот за информатичко општество и администрација, д-р Азир Алиу, на работната средба со Амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер, одржана на 20.04.2023 година во Кабинетот на Министерот за информатичко општество и администрација. Во процес на интензивни консултации помеѓу претставници на Министерството за информатичко општество и администрација, Амбасадата на Република Франција и Францускиот институт во Скопје, се утврди усогласен текст на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Амбасадата на Република Франција во Скопје. По претходно овластување од Владата на Република Северна Македонија, Министерот д-р Азир Алиу и Н.Е. г-дин Сирил Бомгартнер, Амбасадор на Република Франција во Скопје, на 09.10.2023 година го потпишаа Меморандум за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Амбасадата на Република Франција во Скопје. Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Амбасадата на Република Франција во Скопје се спроведува преку годишни програми. Поранешниот министерот д-р Азир Алиу и Н.Е. г-дин Сирил Бомгартнер, Амбасадор на Република Франција во Скопје, на 09.10.2023 година ја потпишаа и Годишната програма за 2023 година. Годишната програма за 2023 година е фокусирана на јазична обука по француски јазик за почетници со опфат на вкупно 36 учесници и во таа смисла, има утврдено две активности и тоа: јазична обука за 3 групи со по најмногу 12 учесници, почетници по француски јазик за административни службеници од македонската администрација, како и подготовка и полагање на ДЕЛФ испити по француски јазик за 36 кандидати. Формирани се 3-те групи со вкупно 36 учесници и тоа 24 учесници од Министерството за информатичко општество и администрација, 9 учесници од Министерството за надворешни работи и 3 учесници од Секретаријатот за европски прашања. Јазичната обука ја спроведува Францускиот институт во Скопје и започна на 19.10.2023 година, веднаш по потпишувањето и по

формирањето на групите, а ќе трае до крајот на јануари 2024 година и ќе заврши кон крајот на февруари 2024 година, со полагање на испитите за ДЕЛФ дипломите. Екстензијата на Годишната програма за 2023 година до февруари 2024 година се должи на тоа што испитните сесии и материјалите за испитите за ДЕЛФ дипломите ги определува соодветната институција од Париз, Франција. Финансиските средства за активностите од Годишната програма за 2023 година изнесуваат вкупно 5.178, 61 евро, односно 318.447,00 денари и се на товар на Министерството за информатичко општество и администрација. Во текот на 2023 година, подготвена е и нацрт-Годишна програма за 2024 година, која ќе се усогласи како финална и ќе се потпише во текот на јануари 2024 година заради донесувањето на Законот за извршување на буџетите за 2024 година.

→ *Реорганизација на органите на државна управа (ОДУ), агенциите и инспекциските служби од централната власт*

Реализацијата на активностите предвидени во ИПА 2017 проектот "Support to State Reorganisation" продолжи во 2022 година. На седницата на Владата на Република Северна Македонија одржана на 08.03.2022 година, се усвои Интегрираниот извештај, како најважен продукт од ИПА 2017 проектот "Support to State Reorganisation". Во овој извештај се сумирани сите предлози и препораки за реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централно ниво, а воедно, се одлучи и да се продолжи во пилотирање на три министерски системи и тоа: Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Министерството за економија (МЕ). Во оваа насока се формираа засебни работни групи и управни одбори за секој министерски систем и веќе се започнати длабински анализи со цел прецизно утврдување на институционалната рамка и меѓусебната алокација на функции, особено во контекст на идентификување на детали кои можеби не биле земени предвид при изработката на извештајот од страна на експертите. Правната основа за спроведување на оваа реформа во јавната администрација ќе биде утврдена со новиот системски закон за организација на органите на државната управа и за таа цел веќе формираната работна група продолжи со работа и одржа неколку работни состаноци на кои се дискутираа и дефинираа клучни прашања за дефинирање на нацрт верзијата на Законот.

Работните групи и подгрупи во рамките на министерските системи тековно одржуваа состаноци со цел продолжување на работата во однос на изработка на предлог одредби од закони кои се тангирани со промените согласно реорганизацијата како и на финализирање на Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, а експертите за секој министерски систем изработија документи со кои се предлагаат промени во однос на Интегрираниот извештај како и документи со образложение за оправданост во однос на формирање/укинување на одредени органи/институции. На ден 17.11.2022 година се одржа Конференција во врска со реорганизација на министерските системи за информатичко општество и администрација, економија и земјоделство, шумарство и водостопанство на која беа поканети претставници на министерските системи кои се во процес на реорганизација, министри, претставник на претседател на Влада, координатори на пратенички групи, невладини организации, граѓански сектор, претставници на ЕУ делегација, меѓународни донатори. На конференцијата беше даден осврт на тоа што е направено до сега со реорганизацијата и кои се идните чекори во процесот. Трите министерски системи изработија Информации во врска во реорганизацијата на својот министерски систем и истите беа прикачени на е-влада. Во однос на Информацијата во врска со проект ИПА 2017 "Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација и предлог заклучоци на ден 13.12.2022 година беше одржана тематска седница на Влада.

Во следниот период продолжи пилотирањето во трите министерски системи, со тоа што министрите ги потпишаа плановите за реорганизација. Владата на 24 јануари 2023 го усвои планот за реорганизација на министерскиот систем за економија, додека со поддршка на проектот се подготвија дополнителни информации за реорганизацијата на министерскиот систем за информатичко општество и администрација и се предложи нова организациска структура на МИОА, МЕ и МЗШВ. Проектот во соработка со СИГМА до април 2023 година изготви петта нацрт верзија на Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој и натаму продолжува да биде главна пречка за процесот согласно Интегрираниот извештај. Во меѓувреме, на барање на Делегацијата на ЕУ, проектот изготви компаративни извештаи со кои се утврдија разликите помеѓу интегрираниот и индивидуалните извештаи. Во месец септември, поточно 25-26.09.2023 година беше одржана Работилница за Пристапот за подобрување на работата и внатрешните процеси во рамките на институција за трите пилот министерства.

Во Министерскиот систем за економија се изработија нацрт измени на законите кои беа неопходни за спојување на агенциите и инспекторатите, согласно одлуката на Влада, односно:

А) Спојување на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот со Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони,

Б) Агенција за енергетика со Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати,

В) Државен пазарен инспекторат со Технички инспекторат.

Во однос на Министерскиот систем за земјоделство, шумарство и водостопанство, се изготвија и потпишаа извештаите за реорганизација за одредени агенции, што вклучува детален патоказ за нивна реорганизација, вклучувајќи ги кадровските прашања, трансферот на средства, опрема и обврски, преглед на буџетот и системите за финансиско управување. Владата во февруари 2023 година ја усвои Информацијата за реорганизација на овој министерски систем. Проектот изготви и стратегија за комуникација, која со предвидените активности треба да ги намали ризиците и потенцијалниот отпор кон промените преку соодветно информирање на сите засегнати страни.

Во однос на Министерскиот систем за информатичко општество и администрација од страна на експертите на проектот беа направени анализи и предлози за нова структура на МИОА, кои беа доставени до МИОА во септември 2023 година, Белешка за реорганизација на Инспекцискиот совет доставена до МИОА во октомври 2023 година и Нацрт работен план за спроведување на реорганизација на МИОА доставен во ноември 2023 година. Со поддршка од проектот се изработија и Предлог Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, кои беа усвоени од страна на Владата во декември 2023 година.

Во ноември 2023 година беше изработен Финален извештај со што проектот и заврши заклучно со 5 декември 2023 година.

→ *Партнерство за отворена власт (ПОВ)*

Министерството за информатичко општество и администрација од месец јуни 2023 година започна со активности за подготовка на шестиот Акциски план за ПОВ за периодот 2024-2026 година.

Од страна на Советот за партнерство за отворена власт беше усвоена Временската рамка на активности за подготовка на новиот НАП и сет на документи кои се потребни за почеток на процесот на ко-креирање на новиот НАП. Согласно Постапката за спроведување консултации со засегнати страни за креирање на нови приоритети и заложби во рамките на процесот Партнерство за отворена власт, на 01 јуни 2023 година беше објавен Јавен повик за пријавување учество во процесот на ко-креирање на Акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година (НАП6). На 07 јули 2023 година се одржа јавен настан „Партнерство за отворена власт – Дијалог за Националниот акциски план 2024-2026“ кој го означи почетокот на процесот на ко-креација на шестиот национален акциски план. Согласно пријавите од Јавниот повик беа формирани работни групи по претходно утврдените приоритетни области: Партиципативно донесување на одлуки и граѓанско учество; Правно зајакнување и пристапот до правда; Борба против корупцијата; Унапредување на активностите за климатските промени како и хоризонтална работна група за Развој и користење на дигитални технологии, кои веднаш започнаа со одржување на работни состаноци на кои се идентификуваа идеи и предизвици за креирање на предлог заложби. Во наредниот период ќе продолжат активностите за подготовка на шестиот Акциски план за ПОВ за периодот 2024-2026 година. Во периодот јули-декември 2023 година , беа одржани четири седници на Советот за ПОВ и беа спроведени 35 работни состаноци за ко-креирање на НАП 6. Во текот на месец декември 2023 година се изврши јавна презентација на НАП6 и истиот беше објавен и ставен на консултација. Очекувано е НАП6 да биде утврден од страна на Владата во месец февруари 2024 година.

Министерството за информатичко општество и администрација, во рамки на редовните активности во процесот на координација на иницијативата за Партнерство за отворена власт тековно обезбедува посветена поддршка на институциите и организациите вклучени во овој процес.

→ *Управување со квалитет*

Министерство за информатичко општество и администрација како национална контакт точка и ресурсен центар за управување со квалитет е институција која ги координира процесите и активностите во полето на управување со квалитет на национално ниво. Потребата да се подобрат услугите што владините институции ги нудат со изградба на ефикасен, модерен и транспарентен граѓански сервис, што ќе обезбеди висок квалитет на работа, е еден од главните приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Водено од овие предизвици, Министерството за информатичко општество и администрација го изработи новиот Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за периодот 2023-2025. Активностите од Планот се поделени во седум столба и се вклучени во новата Стратегија за реформи на јавна администрација 2023-2030година. Националниот план за управување со квалитет во јавен сектор 2023-2025 беше усвоен на седница на Влада во мај

2023 година. Имплементацијата на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година ќе изврши големо позитивно влијание врз целокупниот систем на јавна управа и ќе придонесе кон постигнувањето на модерна, ефикасна и професионална администрација и подобри услуги за граѓаните. Ваквите иницијативи и модерни практики во примената на меѓународните стандарди за управување со квалитет се очекува во иднина да бидат интегриран во сите владини политики и да станат императив во сите јавни институции.

Согласно активностите предвидени во Националниот план во тек е формирање на Координативно тело за управување составено од 22 члена кои се претставници на релевантни институции од сите нивоа на јавен сектор. Целта на формирање на едно вакво Тело за управување со квалитет е дисеминација на информациите и резултатите од областа на за управување со квалитет за јавниот сектор.

## 1.13.2.Информатичко општество

→ *Отворени податоци*

Во рамки на редовните активности за отворени податоци континуирано се работи на поддршка на институциите со техничките аспекти и начинот на функционирање на Порталот за отворени податоци

→ *Информациски Систем за управување на човечки ресурси (ИСУЧР)*

Имајќи ја во предвид неможноста за миграција на податоците од стариот систем, како и предизвиците кои се јавија во процесот на тестирање на платформата, Информацискиот системот за управување на човечки ресурси нема реализирано активности во оваа тековна 2022 година. Но, согласно стратешките определби на Министерството за информатичко општество и администрација, преку употреба на современи информатичко-комуникациски технологии, има за цел да ги унапреди и подобри функционирањето на администрација, да ги поедностави процесите и постапките, а воедно и да го намали на минимум влијанието на човечкиот фактор во сервисирањето на услугите кон граѓаните и бизнис заедницата. Во таа насока Министерството за информатичко општество и администрација настојува меѓу другото да воспостави модерен систем за управување со човечките ресурси во администрацијата.

Модернизацијата на постоечкиот информациониот систем за управување со човечки ресурси ќе овозможи подобрување на постоечките функционалности како и воведување на нови, со што ќе има зголемување на квалитетот на управувањето со човечките ресурси, подобрување на ефикасноста во работењето.

→ *Интероперабилност*

Во овој извештаен период продолжуваат континуирано активностите за одржување на платформата за интероперабилност, а во тек е приклучување на неколку нови институции. Направена е надградба на платформата за интероперабилност со нова функционалност Јазол комуникациски клиент, со која ќе се овозможи зад еден комуникациски клиент да се поврзат повеќе еднородни институции, а со што ќе се намалат фискалните импликации за институциите кои имаат мал обем на податоци и документи за размена. Тековните трансакции се одвиваат редовно и без прекин.

→ *Национален портал за е-услуги (Порталот)*

Одржувањето на Националниот портал за е-услуги продолжува во континуитет. Процесот на развој на нови е-услуги и за граѓаните и за компаниите продолжува во рамки на редовното одржувањето. Во рамките на проектот ИПА2017: Зајакнување на е-влада, во тек е дигитализација на 135 нови е-услуги и соодветни регистри од кои само 60 услуги се достапни на Порталот. Изработен е софтверот за дигитализација на регистри eSIR, со кој институциите ќе имаат можност да ги дигитализираат своите регистри. Во рамки на овој софтвер, во фаза на тестирање е Регистарот на регистри, кој ќе содржи податоци за сите регистри што ги поседуваат институциите, независно дали се дигитализирани или не и се подготвува Регистарот на авторизации.

→ *Една точка за услуги (ЕТУ)*

Една од најважните приоритетни цели на Владата е континуираното градење на квалитетен сервисен систем на јавни услуги со ефикасна јавна администрација, а се со цел граѓаните да добијат подобри, поевтини и поефикасни услуги. Министерството за информатичко општество и администрација има отворено 5 (пет) центри за услуги "ЕТУ„ во Скопје, Куманово, Охрид, Битола, и Тетово.

- Национален Систем „Редослед на клиенти – Земи Бројче", заклучно со 2023 година, повеќе од 100.000 граѓани ги посетиле ЕТУ центрите, со користење на 84 јавни услуги во центрите на ЕТУ, согласно јавно објавените податоци на https://etu.uslugi.gov.mk.
- Национален Систем „Резервирај Термин за услуга – "Мој ред"-(https://zemibrojce.gov.mk/pages/reservation), заклучно со 2023 година приближно 2000 граѓани ја искористија можноста да резервираат термин за остварување на услуга на шалтер, и оваа услуга бележи значителен тренд на зголемување.
- Национален Систем „Оцени ја Администрацијата – препознатлив како "Семафор" , (https://etu.uslugi.gov.mk/pages/rating-report) заклучно со 2023 годината повеќе од 2500 граѓани ја искористија можноста да ја оценат работата на институцијата, дадената услуга и шалтерскиот службеник со скенирање на QR кодот по добивањето на услугата.

→ *Централен регистар на население*

Во 2023 година течеше реализацијата на проектот за воспоставување на нова хардверска инфраструктура во примарен податочен центар. Беше направена и координација со Генерален секретаријат со цел да се обезбедат последните алатки кои ќе гарантираат висока безбедност на податоците и стабилен систем кој е достапен 24/7.

Од Април 2023 година се потпиша договор за одржување на системот. Во тој договор е предвидено продолжување на лиценците за развојната околина, како и изработка на дигитална картичка која треба да овозможи побрза и полесна идентификација на граѓаните.

Согласно насоките од кабинетот на министерот, беше преземени активности со СИГМА и локални експерти кои работат на измени на законската регулатива. Со измените е планирано да се воведат партиципации за компаниите кои ги користат податоците од Централен регистар на население, а се согласно ЕУ практики.

Паралелно на овие процеси за подобрување на системот, работната група одржа презентација на системот и реализираше состаноци со: Централен регистар, Управа за финансиско разузнавање, Државна изборна комисија, Министерство за информатичко општество и администрација за проектот Отворен Балкан, Македонско кредитно биро, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, Град Скопје, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Друштво за осигурување Халк Осигурување АД Скопје.

Во текот на месец ноември е склучен Договор за продолжување на лиценците за мрежна заштита, со што продолжува и процесот за имплементација на новата хардверска платформа на која е хостиран Регистарот на население.

Дополнително во текот на 2023 година се започнаа активности за подобрување на на политика за пристапност и матрикс за управување со лозинки, како контролен и ограничувачки механизам во процесот на администрирање на платформата.

→ *Електронска идентификација и доверливи услуги*

Во текот на вториот квартал на 2023 година беше направена измена на работната група. Членовите на новата работна група имаа состанок со претставници на еден странски давател на доверливи услуги. Во месец октомври беше направена втора измена на членовите на работната група, која продолжи со работа.

→ *Систем за управување со документи (ДМС)*

Системот за управување со документи во текот на 2022 година е редовно мониториран, обезбедувајќи безбедна околина за работа на институциите корисници на системот. Во текот на вториот квартал од 2023 година министерството распиша тендерска постапка за одржување на постоечкиот ДМС, но тоа не стигна да се реализира за 2023 и те поништи постапката.

→ *Воспоставување безбедна Платформа во облак на Владата на РСМ и поврзување на субјектите на Владата на Република Северна Македонија преку владина оптичка мрежа (државен Cloud)*
Оваа активност не е реализирана поради неодобрени финансиски средства од страна на Министерството за финансии за 2022 година.

→ *Надградба и одржување на алатката Балансер*
Балансерот е веќе изработена веб алатка достапна на веб-локацијата https://balancer.mioa.gov.mk/ преку која електронски се врши распределбата на планираните нови вработувања, согласно соодветната и правична застапеност. Согласно најавените промени во делот на реорганизација на институциите во јавниот сектор очекувано е дека ќе се појави потреба од промена на институции и податоци (додавање и бришење на институции од платформата). Потребно е надградување и одржување на оваа алатка но до овој момент не е спроведена јавна набавка за таа намена. Министерството за информатичко општество и администрација редовно се врши внесување на податоци за нови државни и јавни институции и ажурирање на податоци за веќе внесени институции.

→ *Одржување на web страни за период од 3 години со вклучено Security Managed Services и буџет за дополнителни органи / институции*
Оваа активност ќе започни со реализација во 2024 година.

→ *Надградба и проширување на инфраструктура и софтверски лиценци за период од 3 години за централно решение за Backup на системите во Министерството за информатичко општество и администрација*
Договорот и активностите се во тек.

→ *Надградба и имплементација на решенија за поддршка на Open Balkan*
Имплементација на ИКТ решение за поддршка на иницијативата Open Balkan, со кое се овозможува граѓаните од државите потписнички на иницијативата (Албанија, Србија) да можат непречено да користат електронски идентитет од сопствените држави (OpenBalcanID) при најавување на порталите за електронски услуги во соседните држави како Република Албанија и Република Србија, е завршена и следува периодот на тестирање на истата. Услугата која ќе биде овозможена е Слободен пристап до регистарот на пазарот на труд, во секоја земја соодветно.
Со Open Balkan иницијативата се предвидуваат дополнителни услуги за граѓаните, кои трилатерално ќе се договараат помеѓу трите земји потписнички.

→ *Членарина во Digital Europe Programme (DEP)*
Програмата Digital Europe претставува нова програма на Европската Унија насочена кон приближување на дигиталните технологии кон бизнисите, граѓаните и јавната администрација, а истата е отворена и за земјите со кандидатски статус. Учеството во програмата ќе овозможи реализација на проекти финансирани од ЕУ, а иницирани од институциите, НВО и приватниот сектор.
Обезбеденото учество во програмата и организацијата Дигитална Европа, со планиран вкупен буџет од 7,5 милијарди евра има за цел да го забрза економското закрепнување и да ја обликува дигиталната трансформација на европското општество и економија.
Министерството ја увиде можноста од зачленувањето во Програмата за дигитална Европа која ќе обезбеди стратешко финансирање за да се одговори на ИТ предизвиците. Со овластување од Владата, министерот за информатичко општество и администрација на 30.Јуни во Брисел го потпиша договорот за пристапување кон програмата. Во текот на третиот квартал беа реализирани неколку состаноци за следење на активностите од програмата. Беа спроведени два отворени повици за заинтересирани страни. Во Септември 2023 Министерството за информатичко општество и администрација формира конзорциум за проект MKSafeNet со кој успешно аплицира на повикот DIGITAL-2023-DEPLOY-04 за обезбедување на средства преку програмата. Во моментот резултатите од повикот сеуште не се објавени. Истите се очекува да бидат објавени во првиот квартал 2024 година.

→ *Национален оперативен бродбенд план на Република Северна Македонија (НОБП) и активности кои произлегуваат и се поврзани со него*

Националната канцеларија за Бродбенд компетентност (НКБК) во периодот јануари – септември, 2023 година одржа вкупно 10 седници. Телото ги усвои следните документи, мислења, препораки и извештаи :

- Седмиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП, кој се однесува на периодот октомври 2022 година - април 2023 година
- Осмиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП, кој се однесува на период мај 2023 година - септември 2023 година
- Подготвени одговори по однос на добиените прашања од страна на Делегација на ЕУ во РСМ за ToR-от за подготовка на Студијата за изводливост за развој на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ),
- Анализирана техничката понуда на конзорциумот COWI избран од Европската Комисија за подготовка на Студија за изводливост за воспоставување на НТОМ, согласно НОБП. Беше направен хронолошки преглед/анализа на содржината на техничката понуда на конзорциумот (клучните засегнати страни, таргетите, ризиците и активностите).
- Усвоен Draft Inception Report - Feasibility Study for NODE and deployment of broadband изработен од конзорциумот COWI.

Исто така, во текот на 2023 година членовите на телото зедоа проактивно учество околу подготовката на новиот предлог Закон за електронски комуникации.

→ *Јакнење на улогата на јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и градење професионални капацитети на медиумскиот регулатор*

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е усогласен со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година (ЕУ) 2018/1808, со која се надополнува и изменува Директивата 2010/13/ЕУ, а измените и дополнувањата се донесени во Собранието на РМ и објавени во Службен Весник бр.154 од 20.07.2023 година. Во тек се активности за нови измени и дополнувања на ЗААВМУ кои ќе опфатат компоненти како што се: државните кампањи, како и реемитувањето на програмски сервиси кои се емитуваат на дигитален терестријален мултиплекс, додека во рамките на Проектот „Слобода на изразување„ помогнат од ЕУ и експертите се прават анализи за правната рамка за заштита на социјалните и работничките права на новинарите, потоа анализа на медиумскиот пазар и правната рамка за конкурентност и плурализам, зајакнување на капацитетите на АВМУ и МРТ и др.

## 2. Програми

Во планираниот период 2024 – 2026 година, министерството ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на министерството. Во програмите и потпрограмите предвидени се активности кои произлегуваат од нашата мисија и со нивното реализирање се приближуваме кон исполнувањето на визијата на министерството.
Во овој нацрт стратешки план се креирани следните две (2) програми:

- ***РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА***
- ***ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО***

### 2.1.1 План за спроведување на програмата Реформа на јавна администрација

| **План за спроведување на програма 2.1: Реформа на јавна администрација** |
| --- |
| **Образложение:**<br>Програмата Реформа на јавна администрација произлегува од Стратешкиот приоритет - Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година (Службен весник на РСМ, бр.256 од 05.12.2023 година). |
| **1. НПАА** |

- Подрачје: 1.2 Реформа на јавна администрација,
- Поглавје 4.1. Хоризонтални прашања – реформа на јавната администрација

**2. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа**

Произлегуваат од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година (Службен весник на РСМ, бр.256 од 05.12.2023 година) и се следниве:

- Стручна, професионална и департизирана администрација,
- Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите и
- Дигитализирана јавна администрација.

**Цел на Програмата:** Развој на професионална, одговорна, стручна, доверлива и отчетна администрација во чиј фокус се граѓаните и бизнис-заедницата, која ги исполнува меѓународните и европските вредности и стандарди за добро владеење, преку професионален развој, институционално системско уредување за исполнување на потребите и интересите на граѓаните на Република Северна Македонија.

**Показатели за успех на Програмата:**

- Имплементирани стандарди за управување со квалитетот во институциите,
- Модернизирана, ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните,
- Подобрен, унапреден процес на ПВР и државни службеници обучени за процесот на ПВР,
- Отворени, ефикасни и транспарентни институции на државна и јавна управа.

Програмата е: Хоризонтална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата:**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** Зајакнување на капацитетите и воведување на модерен систем на управување со човечките ресурси | **Показател за успешност:**<br>• Воспоставување на функционален систем за координација помеѓу одделенијата за управување со човечките ресурси и Академијата за стручно усовршување на административните службеници во МИОА во доменот на реализација на годишните планови за обука, Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2024 година, Годишната програма за обука за административно управување за 2024 година, како и другите видови и форми за стручно усовршување и обука кои Академијата ќе ги спроведува по други основи во текот на 2024 година. |
| **Потпрограма 2:** Професионален развој на администрацијата | **Показател за успешност:**<br>• Имплементирани стандарди за управување со квалитетот во институциите;<br>• Ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните |
| **Потпрограма 3:** Инклузивно и партиципативно креирање на политики[1] | **Показател за успешност:**<br>• Подобрена соработка помеѓу владиниот и невладиниот сектор.<br>• Подобрен и унапреден процес на ПВР,<br>• Обучени државни службеници за процесот на ПВР |

**1.1: План за спроведување на програмата**

**Потпрограма 1:** Зајакнување на капацитетите и воведување модерен систем на управување со човечките ресурси

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. |
| Набавка на опрема за Академија за обуки | МИОА | | јануари 2024 година | декември 2024 година | 5 | 0 | 0 | 1.139.000 | 0 | 0 |
| Тимбилдинг | МИОА | Надворешен консултант | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 5 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **1.339.000** | | |
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **0** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **0** |
| **Вкупно за потпрограма 1:** | | | | | | | | **1.339.000** | | |
| | | | | | | | | | | |

**Потпрограма 2:** Стручно усовршување и професионален развој на администрацијата

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. |
| Истражување на надворешна истражувачка куќа во рамки на методологијата за мерење на квалитетот | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 20 | 20 | 20 | 758.000 | 750.000 | 750.000 |
| 2 еднодневни настани ( полугодишни) за координација и соработка на неформалната мрежата за управување со квалитет | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 5 | 5 | 5 | 50.000 | 120.000 | 120.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| работилници за 30 лица (сала, храна), спроведување на работилница со членките на мрежата за управување со квалитет | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 5 | 5 | 5 | 50.000 | 60.000 | 60.000 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **858.000** | | |
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **930.000** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **930.000** |
| **Вкупно за потпрограма 2:** | | | | | | | | **2.718.000** | | |

| **Потпрограма 3: Инклузивно и партиципативно креирање на политики** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2024год. | 2025 год. | 2026 год. | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. |
| Одржување на порталот Партнерство за отворена власт | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 2 | 2 | 2 | 700.000 | 0 | 0 |
| 4 еднодневни настани за координација на следењето на спроведувањето на новиот Акциски план за партнерство за отворена власт за вкупно 60 учесници | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 4 | 4 | 4 | 50.000 | 60.000 | 60.000 |
| Спроведување на тематски настани - СРЈА | МИОА | Останати министерства и органи | јануари 2024 година | декември 2025 година | 5 | 5 | 5 | 200.000 | 400.000 | 400.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организација на настани од СРЈА | МИОА | Останати министерства и органи | јануари 2024 година | декември 2025 година | 5 | 5 | 5 | 200.000 | 400.000 | 400.000 |
| Одржување на ЕНЕР | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 5 | 5 | 5 | 708.000 | 708.000 | 708.000 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **1.858.000** | | |
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **1.568.000** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **1.568.000** |
| **Вкупно за потпрограма 3:** | | | | | | | | **4.994.000** | | |

## 2.1.2 План за спроведување на програмата Информатичко општество

**План за спроведување на програма 2: Информатичко општество**

**Образложение:**
Програмата Реформа на јавна администрација произлегува од Стратешкиот приоритет - Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година (Службен весник на РСМ, бр.256 од 05.12.2023 година).

1. **НПАА**

Поглавје: 3.10 Информатичко општество и медиуми
Подрачје 3.10.1 Електронски комуникации
Подрачје3.10.2.Услуги на информатичкото општество
Поглавје 3.25 Наука и истражување

2. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа.**

Произлегуваат од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година (Службен весник на РСМ, бр.256 од 05.12.2023 година) и се следниве:

- Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност,
- Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура) и
- Изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги.

**Цел на Програмата:** Развивање и подобрување на условите за пристап до информатичко–комуникациските технологии и дигитализација за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис заедницата. Интензивна дигитализација на процесите и услугите, развој и промоција на информатичкото општество и одржувањето на лидерската позиција на просторот на Република Северна Македонија. Поставување и одржување квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите и граѓаните на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>• Подобрена транспарентност, ефективност и ефикасност во работењето на јавната администрација<br>• Зголемена безбедност на информатичките системи<br>• Развиен пазар на доверливи услуги и подобрена конкурентност<br>• Зголемен број на достапни е-услуги на uslugi.gov.mk<br>• Зголемен број на современо опремени центри за услуги за граѓаните<br>• Зголемен број на отворени податоци | |
| Програмата е: Хоризонтална | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** | |
| **Потпрограма 1:** е-инфраструктура и поддршка | **Показател за успешност:**<br>• Број на институции кои разменуваат електронски документи во официјална документација;<br>• Зголемена безбедност на информатичките системи |
| **Потпрограма 2:** е-услуги, е-граѓани и една точка на услуги | **Показател за успешност:**<br>• Зголемен број на подобрени и новоразвиени е-услуги за граѓаните;<br>• Зголемен број на корисници на е-услуги;<br>• Зголемен број на поднесени апликации за електронски услуги на Националниот портал за е-услуги;<br>• Број на даватели на доверливи услуги и шеми на електронска идентификација запишани во Регистарот |
| **Потпрограма 3:** отворени податоци | **Показател за успешност:**<br>• Подобрена транспарентност во работењето на јавната администрација;<br>• Број на објавени податоци |

| **2.1: План за спроведување на програмата** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: е-инфраструктура и поддршка** | | | | | | | | | | |
| | | | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. |
| Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 5 | 5 | 7 | 11.516.000 | 9.000.000 | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување и надградба на владина ИТ (оптичка) мрежа | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 0 | 4 | 480.000 | 0 | 1.180.000 |
| Одржување на порталот е-услуги | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 2 | 2 | 2 | 9.530.000 | 7.700.000 | 0 |
| Приклучување на институции во системот ДМС | МИОА | Останати министерства и органи | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 15 | 15 | 15 | 15.650.000 | 15.650.000 | 15.650.000 |
| Дигитализација на услуги на институциите за портал е-услуги | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 5 | 5 | 5 | 15.650.000 | 7.700.000 | 0 |
| Опрема за Дигитална агенција | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 5 | 0 | 0 | 41.533.000 | 0 | 0 |
| Изнајмување на облак платформа за хостирање на системите на МИОА | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 5 | 5 | 5 | 35.400.000 | 15.800.00 | 0 |
| Колокација на информатичка опрема | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 5 | 8 | 11 | 6.490.000 | 300.000 | 0 |
| Одржување на ИСУЧР | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 8 | 10 | 15 | 11.691.000 | 19.700.000 | 14.200.000 |
| Набавка на хардвер за Регистар на население | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 0 | 0 | 18.942.000 | 0 | 0 |
| Одржување на Централен регистар на население | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 6.431.000 | 6.431.000 | 6.431.000 |
| Одржување на системот за Интегрирано управување на ресурсите (ERP) | МИОА и СОЗР | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 6 | 9 | 0 | 2.207.000 | 7.000.000 | 7.000.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување на ЕНАПСИС | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 708.000 | 708.000 | 708.000 |
| Одржување на хардвер и софтвер (ИПА 2013 проект) | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | декември 2024 година | 2 | 4 | 4 | 8.303.000 | 0 | 0 |
| Одржување на ЛМС | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 3 | 3 | 4 | 708.000 | 2.000.000 | 0 |
| Продолжување на поддршка за лиценците кои се користат за ИКТ проектите | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2025 година | 3 | 3 | 0 | 27.450.000 | 7.042.000 | 0 |
| Одржување на ИТ опрема во МИОА | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 3.000.000 | 885.000 | 885.000 |
| Купување на опрема и машини за МАРНЕТ | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 0 | 0 | 9.500.000 | 0 | 0 |
| Обнова на постојните лиценци за интегриран систем за заштита од неовластени мрежи | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 1.620.000 | 1.620.000 | 1.620.000 |
| Одржување на ДМС | МИОА | Останати органи и министерства | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 3 | 3 | 7.430.000 | 7.430.000 | 7.430.000 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **234.239.000** | | |
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **116.916.000** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **70.754.000** |
| **Вкупно за потпрограма 1:** | | | | | | | | | **421.909.000** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 2: Е-услуги, е-граѓани и една точка на услуги** | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | | **Временска рамка** | **Потребни ресурси** |

| | | Консултирани | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. |
| "Надградба, проширување на интегрираната платформа „Земи Бројче“ , “Семафор”, “Резервирај термин - Мој Ред“, и „Евиденција на работното време за шалтерските“ | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 5 | 0 | 770.000 | 1.239.000 | 1.239.000 |
| Одржување, лиценции и гаранции на Опрема во ЕТУ Центрите | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 1.000.000 | 1.230.000 | 1.230.000 |
| Одржување на редослед на клиенти | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 2 | 2 | 2 | 885.000 | 885.000 | 885.000 |
| Опрема за редослед на клиенти | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 2 | 2 | 2 | 569.000 | 0 | 0 |
| Набавка на потрошни материјали за ЕТУ (Останати канцелариски материјали) | МОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 3 | 3 | 100.000 | 200.000 | 200.000 |
| Опрема за ЕТУ | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 | 0 |
| Реконструкција на ЕТУ центри - Пошти | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 3 | 0 | 0 | 18.450.000 | 0 | 0 |
| Доверливи услуги | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2024 година | 5 | 5 | 5 | 540.000 | 540.000 | 540.000 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **23.024.000** | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **4.094.000** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **4.094.000** |
| **Вкупно за потпрограма 2:** | | | | | | | | **31.212.000** | | |

| **Потпрограма 3: Отворени податоци** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одгов орни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год |
| Одржување на портал Отворени податоци | МИОА | | Јануари 2024 година | Декември 2026 година | 3 | 3 | 3 | 1.500.000 | 3.500.000 | 3.500.000 |
| **Вкупно активности во 2024 година:** | | | | | | | | **1.500.000** | | |
| **Вкупно активности во 2025 година:** | | | | | | | | | **3.500.000** | |
| **Вкупно активности во 2026 година:** | | | | | | | | | | **3.500.000** |
| **Вкупно за потпрограма 3:** | | | | | | | | **8.500.000** | | |

| **3. Влијанија врз човечките ресурси** | | | |
|---|---|---|---|
| **Програма** | **Резиме на потреба од нови вработувања** | **Резиме на потреба од прераспределба на вработените** | **Резиме на потребите од обука** |
| **20 - Информатичко општество** | Соодветно пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација на работни места во МИОА. | | Администратори за бази на податоци;<br>Администратори на мрежи; |
| **К6-Реформа на јавна администрација** | Соодветно пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација на работни места во МИОА. | | Обука за членовите на комисиите за селекција и вработување;<br>Генерички обуки за административни службеници;<br>Обуки за стратешко планирање;<br>Обуки за нови корисници на модулот за плата на ИСУЧР; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Обуки за Рамката на професионални компетенции; |
| **НА - Развој и имплементација на ИКТ** | Соодветно пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација на работни места во МИОА. | | Администратори за бази на податоци;<br>Администратори на мрежи;<br>Администратори за системот за управување со документи;<br>Проектен менаџмент за ИТ проекти;<br>Бизнис-анализа;<br>Развој и одржување на е-услуги |

| **3. Принципи на правична застапеност** | | |
|---|---|---|
| **Очекувано влијание во 2024 година** | **Очекувано влијание во 2025 година** | **Очекувано влијание во 2026 година** |
| Согласно Годишниот план за вработување за 2024 година и реализацијата на планот ќе се подобри правичната застапеност во МИОА. | Согласно Годишниот план за вработување за 2025 година и реализацијата на планот ќе се подобри правичната застапеност во МИОА. | Согласно Годишниот план за вработување за 2026 година и реализацијата на планот ќе се подобри правичната застапеност во МИОА. |

| **4. Принцип на еднакви можности на жените и мажите*** | | |
|---|---|---|
| **Очекувано влијание во 2024 година** | **Очекувано влијание во 2025 година** | **Очекувано влијание во 2026 година** |
| Зајакнати капацитети (знаења и вештини) кај административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и проектите кои ги спроведуваат институциите.<br>Подигната свест за важноста на водењето на родово разделена статистика во сите аспекти од работата.<br>Инкорпориран принцип на еднаквост и недискриминација и вклучување на родовите прашања во плановите, програмите и проектите за работата на институциите.<br>Зголемен број на обучени административни службеници (мажи и жени) за родова еднаквост. | Зајакнати капацитети (знаења и вештини) кај административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и проектите кои ги спроведуваат институциите. Подигната свест за важноста на водењето на родово разделена статистика во сите аспекти од работата.<br><br>Инкорпориран принцип на еднаквост и недискриминација и вклучување на родовите прашања во плановите, програмите и проектите за работата на институциите.<br>Зголемен број на обучени административни службеници (мажи и жени) за родова еднаквост.<br>Доколку постои потреба, мерката ќе продолжи да се имплементира. | Да се продолжи процесот на зајакнување на капацитетите (знаења и вештини) кај административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и проектите кои ги спроведуваат институциите. Подигната свест за важноста на водењето на родово разделена статистика во сите аспекти од работата.<br><br>Инкорпориран принцип на еднаквост и недискриминација да се вклучи во родовите прашања во плановите, програмите и проектите за работата на институциите.<br>Зголемен број на обучени административни службеници (мажи и жени) за родова еднаквост.<br>Доколку постои потреба, мерката ќе продолжи да се имплементира. |

| **5. Развивање на заедничките функции** |
|---|

| Очекувано влијание во 2024 година | Очекувано влијание во 2025 година | Очекувано влијание во 2026 година |
|---|---|---|
| **Развивање политики** | | |
| - развој на капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација за унапредување на политики,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата. | - развој на капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација за унапредување на политики,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата. | - развој на капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација за унапредување на политики,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата |
| **Стратешко планирање/ подготвување на буџет** | | |
| - Подготовка на Стратешки план за работа на министерството за информатичко општество и администрација за 2025 – 2027 година,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата,<br>- соработка со Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за ревидирање на документите што го регулираат стратешкото планирање и подготвување на нови,<br>- Подготовка и следење на реализацијата на Годишниот план за работа на министерството. | - Подготовка на Стратешки план за работа на министерството за информатичко општество и администрација за 2026 – 2028 година,<br>- развивање и координирање на целокупното стратешко планирање во Министерството за информатичко општество и администрација,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата<br>- соработка со Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за ревидирање на документите што го регулираат стратешкото планирање и подготвување на нови,<br>- Подготовка и следење на реализацијата на Годишниот план за работа на министерството. | - Подготовка на Стратешки план за работа на министерството за информатичко општество и администрација за 2027 – 2029 година,<br>- следење на имплементацијата на проектите/активностите, програмите и потпрограмите во стратешкиот план и информирање за текот на нивната реализацијата,<br>- соработка со Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за ревидирање на документите што го регулираат стратешкото планирање и подготвување нови,<br>- Подготовка и следење на реализацијата на Годишниот план за работа на министерството. |
| **Извршување на Буџетот и управување со средства** | | |
| - дефинирање на процесот на внатрешна распределба на вкупно одобрениот буџет, процесот на преземање на финансиски обврски и процесот на плаќање,<br>- внатрешна распределба на одобрениот буџет: буџет наменет за реализирање на заедничките расходи на министерството, буџет наменет за реализирање на политиките и проектите; и нераспределен дел на буџетот;<br>- воспоставување систем за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК); | - внатрешна распределба на одобрениот буџет;<br>- јакнење на системот за јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување целосно функционален систем за ЈВФК во министерството;<br>- разгледување на буџетскиот циркулар и подготовка на буџетско барање во рамки на максимално утврдените износи за наредната фискална година;<br>- следење и известување за финансиското имплементирање на програмите и континуитет во реализацијата; | - подготвување буџетското барање на министерството;<br>- следење и известување за финансиското имплементирање на програмите и континуитет во реализацијата;<br>- следење на извршувањето на буџетот на министерството;<br>- подготовка на извештаи и анализа за користењето на буџетските средства на министерството;<br>- финансиско управување и континуиран мониторинг на средствата; |

| | | |
|---|---|---|
| - разгледување на буџетскиот циркулар и подготвување на буџетското барање за министерството во рамките на максимално утврдените износи за наредната фискална година<br>-следење на финансиското имплементирање на програмите и континуитет во реализацијата;<br>- следење на извршувањето на буџетот. | - подготовка на месечни, квартални и годишни финансиски планови за трошење на одобрените буџетските средства;<br>- финансиско управување и континуиран мониторинг на средствата;<br>- подготовка на извештаи и анализа за користењето на буџетските средства на министерството;<br>-унапредување на компјутерско-финансискиот систем за евидентирање, подготовка и исплата на сите обврски во врска со јавните набавки на стоки и услуги за министерството;<br>- електронско следење на состојбите на буџетот по расходни ставки;<br>- предвидување на развоен буџет и имплементирање на нови содржини од областа на информациско- комуникациската технологија и зајакнување на капацитетите на јавната администрација. | - целосно воспоставување на компјутеризирано електронско плаќање на сите обврски за јавни набавки на стоки и услуги за министерството преку електронско поврзување со Министерството за финансии и секторот Трезор. |
| **Управување со човечки ресурси** | | |
| Соодветна распределба на вработените согласно актите за внатрешна организација и систематизација на МИОА;<br>Развој на капацитетите и екипирање на МИОА, особено за координативната улога на реформа на администрацијата;<br>Подготвување анализа на потребите од обуки (генерички и специјализирани обуки) и подготовка на програма за обуки (генерички и специјализирани);<br>Спроведување на оценувањето на административните службеници;<br>Развивање одржлив систем за квалитетна обука на АС;<br>Градење на капацитетите на системот за координација на обуката во државната служба;<br>КАФ – воведување систем за мотивација на вработените;<br>Воведување систем за мерење на задоволството на вработените и креирање на мерки за подобрување на состојбата; | Подготвување анализа на потребите од специјализирани обуки за државните службеници во МИОА;<br>Спроведување оценување на државните службеници;<br>Доразвивање и влегување во примена на системот на управување согласно професионалните компетенции за административните службеници; | Подготвување анализа на потребите од специјализирани обуки за државните службеници во МИОА;<br>Спроведување на управувањето со учинокот на државните службеници;<br>Доразвивање и влегување во примена на системот на управување согласно професионалните компетенции за административните службеници; |

| | | |
|---|---|---|
| **Управување со информациски технологии** | | |
| - подобрување на безбедносните процедури во МИОА;<br>- одржување и безбедност на информатичката опрема и апликациите;<br>- обновување/ набавка на нова ИКТ опрема. | - одржување и безбедност на информатичката опрема и апликациите;<br>- обновување/ набавка на нова ИКТ опрема. | - одржување и безбедност на информатичката опрема и апликациите. |
| **Внатрешна ревизија** | | |
| Преку подготовка на тригодишен процес на планирање, а претходна анализа на ризиците, ќе се дефинираат приоритетните прашања, цели и задачи на одделението за внатрешна ревизија и програмите, мерките и активностите преку кои се планира нивното остварување;<br>Подготовка на годишен план за внатрешна ревизија и следење на спроведувањето на истиот, како и дополнувања на планот врз основа на процена на ризикот;<br>Зајакнување на капацитетот на одделението за внатрешна ревизија преку посебни програми за обука и специјализирани и континуирани обуки за внатрешна ревизија;<br><br>Подобрување на квалитетот на планирањето, зголемување на бројот на извршени ревизии и изготвени ревизорски извештаи, следење на ефектите од извршените ревизии. | Преку подготовка на тригодишен процес на планирање, а претходна анализа на ризиците, ќе се дефинираат приоритетните прашања, цели и задачи на одделението за внатрешна ревизија и програмите, мерките и активностите преку кои се планира нивното остварување;<br>Подготовка на годишен план за внатрешна ревизија и следење на спроведувањето на истиот, како и дополнувања на планот врз основа на процена на ризикот;<br>Зајакнување на капацитетот на одделението за внатрешна ревизија преку посебни програми за обука и специјализирани и континуирани обуки за внатрешна ревизија;<br><br>Подобрување на квалитетот на планирањето, зголемување на бројот на извршени ревизии и изготвени ревизорски извештаи, следење на ефектите од извршените ревизии. | Преку подготовка на тригодишен процес на планирање, а претходна анализа на ризиците, ќе се дефинираат приоритетните прашања, цели и задачи на одделението за внатрешна ревизија и програмите, мерките и активностите преку кои се планира нивното остварување;<br>Подготовка на годишен план за внатрешна ревизија и следење на спроведување на истиот;<br>Специјализирани и континуирани обуки за Одделението за внатрешна ревизија;<br>Подобрување на квалитетот на планирањето, зголемување на бројот на извршени ревизии и изготвени ревизорски извештаи, следење на ефектите од извршените ревизии. |

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Naim Bajrami**

**Подготвил: М-р Лилјана Стрезовска Чичоска**

**Согласен: Државен секретеар Елвин Хасан**